Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ, скратена постапка

Скопје, мај 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 28. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3077/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Бобан Карапејовски
Bekim Qoku
Adnan Azizi
Saranda Imeri
Mimoza Musa
Valbona Adili-Emini
Imërlinë Saliu
Ferida Haxhiu

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување.

Со Предлогот на законот се предлага измена на членот 212 став (1) точка 2) од Законот за работните односи со која што условот за определување на репрезентативност на синдикатот за територијата на Република Северна Македонија се намалува од постоечките 10% на 5% од вкупниот број на вработени во Република Северна Македонија кои плаќаат членарина на синдикатот.

Со оваа измена се врши изедначување на условите за определување на репрезентативност на синдикатите со организацијата на работодавачите и се одредува ист процент од 5%.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на Закон за изменување на Законот за работните односи се заснова на истите начела и решенија на кои се заснова и Законот за работните односи

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за изменување на Законот за работните односи не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („ Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), во членот 212 во ставот (1) во точката 2) бројот „10%“ се заменува со бројот „5%”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.”

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување на Законот за работните односи содржи два члена.

Со членот 1 се намалува процентот за услови за определување на репрезентативност на синдикатот од постоечките 10% на 5% за вкупниот број на вработените во Република Северна Македонија кои плаќаат членарина на синдикатот.

Со членот 2 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на законот се предлага измена на членот 212 став (1) точка 2) од Законот за работните односи со која што условот за определување на репрезентативност на синдикатот за територијата на Република Северна Македонија се намалува од постоечките 10% на 5% од вкупниот број на вработени во Република Северна Македонија кои плаќаат членарина на синдикатот.

Со оваа измена се врши изедначување на условите за определување на репрезентативност на синдикатите со организацијата на работодавачите и се одредува ист процент од 5%.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Услови за определување на репрезентативност на синдикатот

Член 212

(1) Репрезентативен синдикат за територијата на Република Северна Македонија е синдикат кој ги исполнува следните услови:
1) да е запишан во регистарот на синдикати кој го води министерството надлежно за работите од областа на трудот;
2) во него да членуваат најмалку 10% од вкупниот број на вработени во Република Северна Македонија кои плаќаат членарина на синдикатот;
3) да здружува најмалку три синдикати на национално ниво од различни гранки, односно оддели, согласно со Националната класификација на дејности кои се запишани во регистарот на синдикати кој се води во министерството надлежно за работите од областа на трудот;
4) да дејствува на национално ниво и да имаат регистрирани членки во најмалку 1/5 од општините во Република Северна Македонија;
5) да дејствува во согласност со својот статут и демократските принципи и
6) во него да членуваат синдикати кои потпишале или пристапиле на најмалку три колективни договори на ниво на гранка, односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности.
(2) Репрезентативен синдикат на ниво на јавен сектор е синдикатот кој е запишан во регистарот на синдикати кој го води министерството надлежно за работите од областа на трудот и во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени во јавниот сектор и кои плаќаат членарина.
(3) Репрезентативен синдикат на ниво на приватен сектор од областа на стопанството е синдикатот кој е запишан во регистарот кој го води министерството надлежно за работите од областа на трудот и во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени во приватниот сектор од областа на стопанството и кои плаќаат членарина.
(4) Репрезентативен синдикат на ниво на гранка, односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности е синдикат кој е запишан во регистарот кој го води министерството надлежно за работите од областа на трудот и во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени во гранката, односно одделот, согласно со Националната класификација на дејности и кои плаќаат членарина.
(5) Репрезентативен синдикат на ниво на работодавач е синдикат во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени кај работодавачот и кои плаќаат членарина.